## ГОСТУВАЧКИ ПРЕДАВАЊА

Во текот на декември 2011 година, на Машинскиот факултет-Скопје беа одржани две гостувачки предавања за студентите на студиите од втор циклус на студиската програма – менаџмент на животен циклус на производ.

На 9 декември 2011 година, Проф. д-р Demos Angelides од Аристотел Универзитетот во Солун, Грција, одржа гостувачко предавање на тема: Менаџментот на процесите како услов за техничка компетитивност и пазарна конкурентност.

На 16 декември 2011 година, Проф.д-р Paolo Chiabert од Техничкиот универзитет во Торино, Италија, одржа гостувачко предавање на тема: Предизвици на оптималното управување на фазите низ животниот циклус на производите. На 17 декември 2011, Проф. д-р Paolo Chiabert реализираше семинар на кој учествуваа студентите, на тема: Развој на виртуелна компанија за производство на тркалачки уред за подвижни врати.

## ДОКТОРАТ

На 19 декември 2011, нашиот колега, асистент м-р Александар Костиќ успешно ја одбрани докторската дисертација на тема „Примена на техниката на интелигентни транспортни системи (ITS) за зголемување на протокот на возилата и на безбедноста во сообраќајот во урбани средини“. Посакуваме уште многу успеси на професионален план.

**ЧЕСТИТАМЕ!!!**

## ВРАБОТУВАЊЕ

Искрени честитки до пом. асистент м-р Јелена Мицевска на вработувањето со желба за понатамошни успеси и напредување во струката.

**ЧЕСТИТАМЕ!!!**

## О Т С У С Т В А

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец декември 2011 година остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Вон. проф. д-р Виктор Гаврилоски, вон. проф. д-р Дарко Данев и асс. м-р Јована Јованова од 11-15 декември 2011 година остварија службено патување во Италија со цел посета на Техничкиот универзитет во Бергамо во рамки на активностите предвидени со ТЕМПУС проект.
2. Вон. проф. д-р Атанас Кочов и асс. м-р Ташко Ризов од 12-13 декември 2011 година остварија службено патување во Австрија во рамки на активностите предвидени со проектот "Почисто производство 2011".
3. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ оствари службено патување на Косово со цел учество на Меѓународна конференција која се одржа во Приштина од 7-10 декември 2011 година.

4. Вон. проф. д-р Валентина Гечевска оствари службено патување во Србија со цел учество на десеминациски настан на Машинскиот факултет во Белград организиран во рамки на ТЕМПУС проектот MAS-PLM, кој се одржа во период од 4-6 декември 2011 година.
5. Вон. проф. д-р Ристо Филкоски, во период од 28.11. до 2.12.2011 година оствари службено патување во Норвешка, со цел посета на компании од областа на енергетиката каде што изврши презентација на тема во врска со унапредување на енергетската ефикасност при производство на феро-легури во РМ.
6. Проф. д-р Предраг Поповски, проф. д-р Валентино Стојковски и вон. проф. д-р Димитри Козинаков во период од 5-9 декември 2011 година остварија службено патување во Словенија со цел присуство на испитувања на опрема за ХЕЦ "Св.Петка".
7. Проф. д-р Валентино Стојковски во период од 20-22 декември 2011 година оствари службено патување во Словенија со цел прием на опрема за ХЕЦ "Св.Петка".
8. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, пом. асс. м-р Трајче Велкоски и пом. асс. м-р Бојан Јовановски во рамки на ТЕМПУС проектот остварија службено патување во Австрија во периодот од 19-21 декември.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.01.2012**
**НЕРАБОТЕН ДЕН**
**1 ЈАНУАРИ, НОВА ГОДИНА (ОДНОСНО ПОНЕДЕЛНИК 02.01.2012)**

**06.01.2012**
**НЕРАБОТЕН ДЕН**
**6 ЈАНУАРИ, БАДНИК, ДЕН ПРЕД БОЖИК**

**19.01.2012**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ЗА ГРАЃАНИТЕ ОД ПРАВОСЛАВНА ВЕРОИСПОВЕСТ**
**БОГОЈАВЛЕНИЕ, ВОДИЦИ**

**24.01.2012**
**СЕДНИЦА НА УПРАВА НА МФС**

**26.12.2011**
**42 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.
Борис Рошков, дипл. ел. инж.

**Година 2011, декември, број 106**

# ФАКУЛТЕТСКИ
# ИНФОРМАТОР

## СРЕЌНА НОВА 2012

Ни престојат новогодишните и божиќните празници кои само може да помогнат во освежувањето и обновувањето на силите со кои ќе ги постигнеме зацртаните цели и задачи.

***Среќни празници !***

